Nikodinovska, Radica - Sporedbeni italijansko-makedonski frazeološki proučuvanja, *XXXVIII Naučna diskusija,* Megjunaroden seminar za makedonski jazik, literatura i kultura, Skopje, 2000, pp. 303-314.

Радица НИКОДИНОВСКА *(Скопје)*

СПОРЕДБЕНИ ИТАЛИЈАНСКО-МАКЕДОНСКИ ФРАЗЕОЛОШКИ ПРОУЧУВАЊА

Во лингвистиката, фразеолошките изрази се проучувани на маргините на граматиката и најчесто како „исклучоци" или како синтактички неправилни во однос на „нормалните" јазични структури.

Фразеологијата како посебна и обемна гранка на лингвистиката ги опфаќа во поширока смисла автохтоните, позајмените фразеолошки изрази, поговорките и изреките. Сите овие аспекти на јазикот, пред сè од синтаксичко-семантички аспект, се одразуваат на контрастивно-конфронтативно поле и имаат силно влијание во изучувањето на странските јазици.

Досега се направени малку лингвистички истражувања од страна на специјалистите и се има впечаток дека лингвистите изворни говорители не ја чувствуваат во доволна мера важноста на проблемот кој, пак, е од особено значење за методологијата на предавање на странските јазици особено во нивната разговорна форма.

Во ова излагање ќе претставиме неколку елементи за анализа и споредбено проучување на италијанските и

македонските фразеолошки изрази, без претензии тоа да биде исцрпно, туку со цел да ги истакнеме тешкотиите на кои наидуваме при средбата со таквите изрази.

Италијанскиот јазик е особено богат со фразеолошки изрази чиешто усвојување претставува голема тешкотија за странците. Таа ќе биде поголема или помала во зависност од структурата на јазикот со која италијанскиот доаѓа во контакт. Во секој случај, кон тој проблем треба да се пристапи со многу поголема сериозност отколку што досега тоа беше случај во наставата по италијански јазик.

Ако е точен фактот дека факторот на продукција не е применлив кај фразеологизмите, тој најдобро може да се види во оние фразеологизми коишто претставуваат заедничко наследство во т.н. европски (интернационални) фразеологизми кои се јавуваат во форма на калки или семантички адаптации во многу јазици од нашиот континент. Ќе дадеме само неколку примери кои минувајќи од јазик во јазик биле буквално преведувани.

Италијански	**Француски**	**Македонски**
pescare nel torbido	*pécher en eau trouble*	*лови во машно*
salvare la pelle	*sauver sa peau*	*ја спасува кожата*
non alzare (muovere) un dito	*ne bouger pas d'un pouce*	*не мрда со прст*
tirare per il naso	*mener par le bout du nez*	*влече за нос*
leccarsi le dita	*lécher les doigts*	*лиже прсти*
vedere tutto nero	*voir tout en noir*	*гледа сè црно*
essere nel fior della giovinezza	*être à la fleur de l'âge*	*е во цутот на младоста*
miniera d'oro	*mine d'or*	*Златен рудник*
gettare uno sguardo	*jeter un coup d'oeil*	*фрла поглед*
nozze d'argento	*noces d' argent*	*Сребрена свадба*
prendere l'aria	*prendre l'air*	*зема воздух*
essere come cane e gatto	*être comme chien et chat*	*како мачка и куче*
frutto proibito	*fruit interdit*	*Забрането овошје*
prendere per la gola	*prendre qqn. à la gorge*	*фаќа некого за гуша*

Во сите овие случаи станува збор за фразеолошки калки или пак транспозиција на синтактички модели од еден јазичен систем во друг. Треба да се спомене дека притоа се зачувува редот на зборовите во односните јазици.

Во групата на фразеологизми од заедничко наследство влегуваат и латинските пословици и изреки од класично, средновековно или библиско потекло. И тие биле во минатото и сè уште се со интернационална дифузија, или во својата оригинална латинска форма или во повеќе или помалку верни адаптации и верзии на разни јазици. Ќе споменеме неколку од нив:

Дивиде ет импера	Раздели па владеј
Табула раса·	Табула раса
Хомо хомини лупус ест	Човек на човека е волк
Нулла регола сине еццептионе	Нема правило без исклучок
Ерраре хуманум ест	Човечк е да се греши
Менс сана ин цорпоре сано	Здраво тело во здрав дух
Нодо гордиано	Гордиев јазол
Фра Сцилла е Царриди	Помеѓу Сцила и Харибда
Содома е Гоморра	Содома и Гомора
Томасо инцредуло	Неверен Тома
Таллоне деАцхилле	Ахилова пета
Суплизи ди Тантало	Танталови маки
ла спада ди Дамоцле	Дамоклов меч
ла фатица ди Сисифо	Сизифова работа
Ултимо Мохицано	Последниот Мохиканец

Во оваа серија би влегле некои интернационализми кои потекнуваат од големите европски јазици, што делумно се должат на познати писатели и научници и кои често се сретнуваат во нивната оригинална форма:

Италијански:	Француски:	Англиски:
долце вита	енфант террибле	фифтs-фифтs
салто мортале	цомме ил фаут	То бе ор нот то бе
еппур си муове	раисон деѐтре	
	цеест ла вие	

Наспроти овие сраснати модели што различните јазици ги калкирале помалку или повеќе верно, постои огромен број на фразеологизми создадени во поедини јазици независно од надворешни влијанија. И токму тие оригинални творби бараат посебен третман, токму таквите фразеологизми претставуваат најголема тешкотија за оној што сака да го научи странскиот јазик со сето негово богатство.

Овде ќе направиме анализа и споредба на некои италијански и македонски фразеологизми чијшто носечки елемент се именките ***леб*** и ***вода***. Ќе проследиме кои италијански фразеологизми имаат, а кои немаат семантички еквивалент во македонскиот јазик:

ЛЕБ

Лебот очигледно е симбол на основната исхрана, но ако е точно, како што вели пословицата дека, *Човекоѿ не живее само од леб,* со зборот *леб*, исто така, се именува и неговата духовна храна. И во литургијата се зборува за *свеѿиоѿ леб на вечниоѿ живоѿ* и уште се вели *Блажени се оние шѿо ѓи хранаѿ ѓладниѿе по ѿравдина со делење на леб.* Тој е телото Христово, а нафората претставува токму болка поради недостиг (сиромаштија), подготвување за прочистување и потсетување за почетоците.

Во фразеологизмите што ќе ги наведеме ќе ја сретнеме токму симболиката што претходно ја споменавме и притоа ќе истакнеме кои од дадените италијански и македонски фразеологизми имаат семантичко и структурно соодветство а кои претставуваат делумни еквиваленти или, пак, се на сосема различен начин предадени.

Меѓу фразеолошките изрази со семантичко и структурно соодветство ќе ги споменеме следните :

е на леб и вода = *a pane e acqua* = варијанти: *tenere a pane e acqua; vivere di pane e acqua; mettere a pane e acqua* = исхрана на раб на преживување, обично се зема како симбол за тешка казна, може да алудира на затвор, на лошо однесување кон некого

Човекоѿ не живее само од леб. = *L'uomo non vive di solo pane.* = Реченица од библиско потекло која се користи за да ја истакне важноста на духовните потреби на човекот покрај материјалните

леб наш насушен = *il nostro pane quotidiano* = она што ни е најважно, најпотребно за живот

ѓо зема некому лебоѿ од усѿа = *levare il pane di bocca* = искористува некого сè до осиромашување

Овде нема леб! = *Qui non c'é pane* ! = нема изгледи за успех, нема перспектива

добар како леб = buono come il pane = мирен, дарежлив

јаде горчлив леб = мангиаре ил пане амаро = има тежок живот

работи за парче леб = lavorare per un tozzo di pane = макотрпно заработува за живот

јаде туѓ леб = mangiare il pane altrui = живее на товар на други

останува без леб = mancare del pane = изгуби работа, нема што да јаде

Еве неколку фразеологизми кои исто така го содржат во себе зборот *леб* како носечки елемент и кои имаат семантичко соодветство но со различна структура:

Нема леб без мотика. = Non c'é pane senza sudore. = Без работа нема заработка.

бара преку леб погача = cercar miglior pane che di grano = е нескромен, бара нешто невозможно, никогаш не е задоволен

Ќе наведеме неколку италијански фразелошки изрази во кои се јавува зборот леб но истиот збор не се јавува како референт во македонскиот фразелогизам:

ил пане делла сциенза = духовна храна

il pane degli angeli = вистинска мудрост со божествено потекло

mangiare il pane del governo = на државни јасли е

per un tozzo di pane = за без пари; за бадијала = по многу ниска цена, се однесува обично за нешто што вреди многу, а е продадено од некој што нуждата го натерала на тоа

rendere pan per focaccia = враќа мило за драго / се одвитува

Se non è zuppa è pan bagnato = Ако не по врат по шија (две идентични работи, кои немаат суштински разлики

vender come il pane = *се продава како алва* = се продава со голема леснотија, како да е нешто без кое не се може, се однесува на некој производ кој е многу баран

trovar pane per i propri denti = *наоѓа рамен на себе* = наоѓа достоен противник

Ќе споменеме неколку италијански и македонски фразеолошки изрази кои немаат фразеолошки соодветства во односните јазици :

dire pane al pane, vino al vino = работите да се наречат со вистинското име, да не се искривува вистината

лежи лебу да те јадам = мрзливец

Свој леб јаде, туѓо гајле бере ! =

ВОДА

Симболичките значења на водата можат да се сведат на три главни теми: **извор на животот, средство (начин) за прочистување, центар за регенерација**. Овие три теми се сретнуваат во најстарите традиции. Водата, недиференцирана маса, претставува **бесконечност на можното**, таа е **потекло на животот** и **елемент на телесна и духовна регенерација, симбол на плодност и чистота, на мудрост, на доблест**. Водата го симболизира **животот, воскреснувањето** (со капењето во Изворот на бесмртноста), но таа може да **носи и смрт, да пустоши, да казнува, таа е симбол на дуалност** (дождовна вода и вода од мориња).

Ќе наведеме некои фразеологизми кај кои се присутни некои од споменатите симболики, да видиме најпрво кои италијански фразеолошки изрази имаат семантички и структурни еквиваленти во македонскиот јазик:

мирна вода = *acqua cheta* = мирен човек /навидум мирен човек кој меѓутоа се обидува да постигне одредена цел не обзирајќи се на другите

замати вода = *intorbidire (confondere) le acque* = предизвикува немир, нанесува штета

лови во матна вода = *pescare nel torbido* = да се извлече корист од некоја нејасна ситуација

вода до ѓрло = *l'acqua alla gola* / се наоѓа во тешка ситуација

свртува вода на своја воденица = *tirar l'cqua al proprio mulino* = работи за лична корист

млати вода во аван = *pestare l'acqua nel mortaio* = работи бескорисна работа; губи време во апсурдни иницијативи

Крвта не е вода. = *Il sangue non è acqua* = Не можеме да не мислиме на крвното сродство (со друго значење, да оправдаме излив на бес, нетрпение, еротски импулс).

прави дупка во вода = фаре ун буцо нелле ацљуа = работи залудно, без успех, не успева во намерата

се дави во капка вода = аффогаре(аннегаре) ин ун биццхиер деацљуа = се откажува при најмала тешкотија

Ќе наведеме неколку македонски фразелошки изрази кои немаат фразеолошко соодветство во италијанскиот јазик:

вода (не) може некому да носи = не е достоен за него, не поседува такви квалитети

фрла во вода = залудно троши

жива вода = многу испотен или покиснат

лук и вода = глупости, безвредни работи, бесмислици

заплови во брачни води = стапува во брак

меѓу оган и вода = се наоѓа меѓу две опасности/меѓу две зла

пушта некому вода = му подготвува терен да се лизне

нема вода во очи(те) = многу е сиромашен

носи вода во решето = вложува труд залудно

паѓа во вода = нема успешен крај

пушта вода = мокри

чува нешто (ка)ко капка вода на дланка = се грижи за нешто/за некого

чита како вода (го знае урокот како вода) – течно; без прекинување; многу добро

истура вода = верување: се истура вода по некого за да му се посака успешно завршување на некоја задача

се чувствува како риба во вода = се чувствува сигурно

Водата спие душманот не спие. = Од непријателот треба да се чуваме и кога ни се чини дека мирува, зашто за да ни напакости тој секогаш е буден и има лоши мисли.

Во водата рибите не се пазаруваат. = За нешто невидено, непознато не можат да се стават прецизни услови.

Вода спие, тој не спие (вода стои, тој не стои)! = Постојано работи!

Брзата вода, брзу доцекува. = Оној што е брзоплет во работите тој е непостојан, брзо ќе се умори и ќе престане.

Вино носи, вода пиј ! = Труди се а не користи ги резултатите од трудот!

Видела вода свекрвина кошула! = Површна и мала услуга на невестата кон домашните луѓе.

Водата тече песокот останува (водата сè мијат, (а) само устата не можит(да ја измијат). = Еднаш искажаните навредливи зборови кон некого со ништо не можат да се избришат и забораваат.

оди некому по водата = слуша некого, не се спротивставува некому

Ќе наведеме неколку италијански изрази во кои носечки елемент е зборот **вода (acqua)** но кои немаат соодветство во македонскиот јазик

Acqua in bocca ! = да не се прекажува, да се чува тајната

acqua passata = се однесува на нешто што во моментот нема веќе никаква важност

acqua morta = мочуришна вода

acqua di vita (acquavite) = назив за ракија поради нејзината енергетска моќ

lavorare sott'acqua = работи зад грб, кришум

bere d'ogni acqua = зема она што ќе му дојде до рака, што може

scoprire l'acqua calda = ја откри Америка, кажува или прави некоја работа која е општо позната

all'acqua e sapone = природна (обично за жена која не се шминка), едноставна, спортски тип

aver bevuto l'acqua di Fontebranda = будалест (Фонтебранда е фонтана во градот Сиена (Италија) за која се верувало дека кога некој ќе се напие од нејзината вода станува чуден, необично се однесува)

della piu' bella acqua = со совршен квалитет

gettar (buttar) acqua sul fuoco = се обидува да смири некоја затегната ситуација

L'acqua va al mare. = Среќата му се насмевнува на оној што веќе ја има.

gettare l'acqua sporca col bambino dentro = заедно со некорисните работи да се исфрли нешто корисно

La prima acqua è quella che bagna. = Почетоците се секогаш најтешки.

portar l'acqua con gli orecchi = прави некому задоволство по секоја цена

far venire l'acquolina in bocca = течат некому лиги

andare il cervello in acqua = побудалува, зборува или прави глупости

passare l'acqua sotto i ponti = многу време поминало

essere come bere un bicchier d'acqua = лесна работа

Заклучок

Ова што овде го изложивме е само основа за продлабочување на истражувањата во разни насоки. Она што ни се чини дека го истакнавме е обемноста и важноста на фразеолошките изрази како синтактички и лексички елементи на италијанскиот и македонскиот јазик. Нашето истражување се базираше на податоци од лексикографско потекло. Мартине вели *„Малкумина се тие што успеваат да зборуваат два или повеќе јазици а при тоа да не се јавуваат јазични интерференции"*. Тоа тврдење е точно, но ако е вистина дека интерференциите се јавуваат на сите планови кај јазиците во контакт точно е исто така и дека тие посебно се манифестираат во рамките на фразеологијата и на рекцијата. Токму тоа е причина вниманието на лингвистите да биде упатено кон оваа насока.

Што се однесува до македонскиот јазик, би требало што е можно поскоро да се изработи обемен македонски фразеолошки речник кој ќе содржи одредби за честоста на употреба и врз кој ќе се изработуваат паралели со другите јазици.

ЛИТЕРАТУРА

CHEVALIER, J. & GHEERBRANT, A. : *Dictionnaire des symboles, (mythes, rêves, coutumes, gestes, formes, figures, couleurs, nombres)*, Robert Laffont-Jupiter, Paris, 1982, (1 изд. 1969), 1060 стр.

FRANCESCO, Grisi : *Il grande libro dei proverbi*, PIEMME, Casale Monferrato, 1997.

LAPUCCI, Carlo : *Modi di dire della lingua italiana,* Vallardi, 1984.

QUARTU, B.M. : *Dizionario dei modi di dire*, Rizzoli, Milano.

RADICCHI, Sandra : *IN ITALIA – Modi di dire ed espressioni idiomatiche*, Bonacci, Roma, 1985.

Речник на македонскиот јазик (со српскохрватски толкувања), (редактор : Б. Конески, составувачи: Т. Димитровски, Б. Корубин, Т. Стаматоски), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, Том I-III, 1961-66, 519 + 595 + 606 стр.

ЦЕПЕНКОВ, Марко К. : *Македонски народни умотворби. Книга осма : Пословици. Поговорки, гатанки, клетви и благослови*, (редактирал : Т. Саздов), Македонска книга, Скопје, 1972, 343 стр.